Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Ликовна уметност** за **I (прва) година** на средното стручно образование со четиригодишно траење за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет за **Ликовна уметност** за **I (прва) година** на средното стручно образование со четиригодишно траење за учебната 2020/21 година се базира на целите/резултатите од учење предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени модуларни единици и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 1 час неделно се предвидуваат 32 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/резултатите од учење, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА МОДУЛАРНИ ЕДИНИЦИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Модуларна единица 1: **Развој на ликовната уметност / Ликовна култура** (ориентационо 4 часа)
Наставни единици:

- Цртање, сликарство, графика
- Вајарство, дизајн, архитектура
- Развој на ликовната уметност, стар век, среден век, модерна уметност

Модуларна единица 2: **Ликовно творење и изразување** (ориентационо 12 часа)
Наставни единици:

**Цртање**

- Видови цртеж, цртачки техники и материјали и нивните карактеристики
- Ликовни елементи и принципи во цртеж

**Сликање**

- Поделба на основни, секундарни, меѓубои, терцијарни бои и нивните тонови. 3Д простор и илузија на 3Д простор на 2Д подлога
- Основни сознанија за стандардни сликарски материјали и техники
- Основни сознанија за нестандардни сликарски постапки и комбинирани техники

**Графика**

- Основни сознанија за графиката и видовите графички техники
- Основни постапки за припрема и создавање на графичко дело. Процес на создавање на графичко дело од скица до отпечаток

**Обликување во простор - Скулптура**

- Видови скулптура и карактеристични скулпторски техники. Основни сознанија за просторот како средство за обликување и изразување

Модуларна единица 3: **Дизајн и визуелни комуникации** (ориентационо 10 часа)
Наставни единици:

- Вовед во визуелни комуникации
- Видови дизајн
- Поим за графички дизајн
- Поим и карактеристики на индустриски дизајн
- Разлики помеѓу серискиот и уникатниот дизајн

Модуларна единица 4: **Мултимедијално изразување** (ориентационо 6 часа)

Наставни единици:

- Вовед во мултимедијално изразување, дигитална писменост
- Дигитална писменост, алатки
- Видеоуметност, фотографија
- Анимација, сценарио

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Скратената наставна програма по наставниот предмет Ликовна уметност за I (прва) година образование од средно стручно образование со четиригодишно траење за учебната 2020/21 година ќе се реализира во 32 наставни часа. Наставните содржини од програмата остануваат исти но распоредени во рамките на 32 наставни часа. Направен е спој на наставни содржини од исти и различни теми водејки сметка за логичната поврзаност помеѓу нив. Се препорачува наставникот при реализацијата на наставниот час во кој има интегрирано две или повеке наставни содржини да води сметка за обемот на наставната материја. Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/резултатите од учење, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма. Во оваа програма не се предвидени посебни часови за повторување и утврдување на матерјалот.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени ориентационо заедно со конкретните цели и теми/содржини. Наставникот не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку според сопствената креативност и според постигањата на ученици.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наствна програма по наставниот предмет **Ликовна уметност** за **I (прва) година** на средно стручното образование со четиригодишно траење за учебната 2020/21 година ја утврди

**Арх. Бр. 13-9335/10**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**